**Информација за одржаниот Втор транснационален URBANFLOODS состанок одржан во Ријека**

Вториот официјален транснационален состанок на проектот URBANFLOODS се одржа на 8 април 2025 година во Ријека, Хрватска, во просториите на RiHub. Настанот беше организиран од Развојната агенција на Ријека – ПОРИН, и како домаќин собра вкупно 38 учесници – 23 физички присутни и 15 онлајн – претставници на единаесет партнерски институции посветени на зајакнување на климатската отпорност во Јадранско-Јонскиот регион. Примарната цел на состанокот беше да се направи преглед на досега спроведените активности и да се координира стратешкото планирање на претстојните задачи во рамките на проектот.

Во согласност со оваа цел, секој проектен партнер презентираше избрана река како национално пилот-подрачје каде што ќе се применат иновативните решенија развиени во рамките на проектот. Овие интервенции имаат за цел да ги зајакнат регионалните капацитети за превенција и заштита од поплави.

Претставниците  од секоја земја одржаа презентации за своите национални законски рамки во областа на управувањето со ризик од поплави. Оваа размена на знаење претставува клучна основа за изработка на усогласени препораки за политики, со цел унапредување на транснационалната координација и отпорност во Јадранско-Јонскиот регион.



Дополнително, ФИНКИ - УКИМ претстави преглед на претстојниот Систем за поддршка при одлучување (DSS), при што беше изложен предложениот архитектонски дизајн на платформата за соработка, која ќе се развива во соработка со партнерите од проектот во наредниот период.




Дискусиите кои се водеа поврзани со презентациите резултираа со договори за комуникациски стратегии, клучни точки и рокови за завршување на проектните активности. Настанот претставуваше важен елемент во спроведувањето на проектот URBANFLOODS, повторно потврдувајќи ја заедничката посветеност на конзорциумот за унапредување на отпорноста на поплави преку интелигентни системи за управување со податоци, заштита на животната средина и транснационална соработка.

Како дел од агендата, претставниците од сите проект партнери беа дел од теренска посета на градот Ријека, каде што учесниците го посетија изворот на реката Рјечина – избраното пилот-подрачје на Хрватска. Оваа посета обезбеди вреден контекст за практичната примена на проектните решенија во локалната средина.





Состанокот заврши со постигнување консензус за следните чекори кои се неопходни за навремена и квалитетна реализација на активностите и резултатите на проектот URBANFLOODS, повторно потврдувајќи ја посветеноста на партнерите за постигнување на стратешките цели на проектот.